**20240941830**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 87/23), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на регистрација на возилата.

Член 2

Регистрација на возилата се врши со впишување на регистарската ознака и податоци за сопственикот, односно корисникот во сообраќајната дозвола, издавање сообраќајна дозвола, односно продолжување на важноста на сообраќајната дозвола и издавање пропишан број на регистарски таблици.

Член 3

(1) Регистрација на возилата се врши по поднесено барање за регистрација на возила.

(2) Барањето од став (1) на овој член, се поднесува на Образец кој се печати на хартија со бела боја на А4 формат.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член, е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(4) Образецот на барањето од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци: назив на органот до кој се поднесува барањето, наслов на барањето, причина за поднесување на барањето, податоци за прва регистрација на возилото во Република Северна Македонија, податоци за претходна регистрација, податоци за сопственикот, односно корисникот на возилото (физичко/правно лице), податоци за возилото, докази за регистрација на возилото, согласност од подносителот на барањето, датум и место на поднесување, потпис на подносителот, податоци за контакт и потпис на службеното лице кое го примило барањето.

(5) Барањето од став (1) на овој член, го поднесува сопственикот односно корисникот на возилото.

(6) Корисникот на возилото треба да приложи писмена согласност од сопственикот на возилото, заверена на нотар.

(7) Барањето од став (1) на овој член, се поднесува до надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), според живеалиштето/седиштето на подносителот на барањето.

(8) Идентитетот на подносителот на барањето од став (1) на овој член, се утврдува со увид во важечка лична карта, издадена од државен орган на Република Северна Македонија.

(9) Доколку се исполнети условите предвидени со закон, возилото се регистрира.

(10) Доколку не се исполнети условите предвидени со закон, се постапува согласно одредбите од Законот за возила и Законот за општата управна постапка.

Член 4

Во барањето за регистрација на возила покрај податоците за сопственикот односно корисникот на возилото, се запишуваат податоци за возилото евидентирани во одобрението за единечно возило или во согласноста за регистрација, односно во потврдата за сообразност и потврдата за утврдување на технички и други особини и карактеристики на возилото.

Член 5

(1) Барањето за регистрација на возила на дипломатски и конзуларни претставништва и мисии на странски држави и на претставници на меѓународни организации во Република Северна Македонија и на нивните вработени, на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва, на странски дописништва и на постојаните странски дописници, односно на странски државјани вработени во странски дописништва и на моторните и приклучните возила на странски државјани на кои заради школување, специјализација, научни истражувања, вработувања или вршење на професионална дејност, давање азил или признавање на статус бегалец, кои постојано или повремено престојуваат во Република Северна Македонија повеќе од шест месеци, како и на други возила кои се во Република Северна Македонија врз основа на царински декларации за пуштање на стока во слободен промет, или за привремен увоз, кој трае повеќе од шест месеци, се поднесува до надлежната организациска единица на Министерството, според живеалиштето/седиштето на подносителот на барањето.

(2) Идентитетот на подносителот на барањето од став (1) на овој член, се утврдува со увид во документ за лична идентификација за одобрен законски престој која има фотографија со која се докажува идентитетот, издаден од државен орган на Република Северна Македонија.

Член 6

(1) При регистрација на користено увезено возило од странство, покрај исполнетоста на законски утврдените услови, се врши и проверка во базата на Националното централно биро на Интерпол - Скопје, во однос на тоа дали возилото е предмет на меѓународна потрага.

(2) Проверката од став (1) на овој член, се врши по поднесено барање во електронска форма од страна на организациската единица надлежна за возила во Министерството, која за извршената проверка во базата на Националното централно биро на Интерпол – Скопје, изготвува и печати соодветен писмен доказ.

(3) Возилото од став (1) на овој член, нема да се регистрира доколку е евидентирано во базата на Националното централно биро на Интерпол - Скопје, односно е предмет на меѓународна потрага и во тој случај се постапува согласно одредбите од Законот за возила и Законот за општата управна постапка.

Член 7

Регистрираните возила се водат во евиденцијата на регистрирани возила на Министерството.

Член 8

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на регистрација на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/09, 28/17 и 46/17).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Бр. 13.1.1- 45736/1
22 април 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.

Прилог

ДО Министерството за внатрешни работи
ОУР-______________________________

## БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА

### 1, ПРИЧИНА ЗА БАРАЊЕ

**1.1. Прва регистрација**

**1.2. Продолжување на важноста на регистрација**
**1.3. Промена на податоци (за сопственост, технички карактеристики, соодветна проверка)**
**1.4. Други причини** ______________________________________________

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРВАТА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| |
|---|
| Датум на првата регистрација во Република Северна Македонија |
| Дозволата ја издал |
| Бројот на првите регистарски таблички |

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНА РЕГИСТРАЦИЈА

(се пополнува при продолжување или промена)

| | | |
|---|---|---|
| Број на претходните регистрациони таблици | | |
| Орган кај кој било регистрирано возилото | | |
| Датум на важност на претходната регистрација | | |
| Сопственик | Презиме | |
| | Име/Назив | |
| | Живеалиште/Адреса | |
| | | |
| | | |

**4. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИКОТ/КОРИСНИКОТ НА ВОЗИЛОТО ФИЗИЧКО/ ПРАВНО ЛИЦЕ**

| |
|---|
| **Име Презиме/Назив на сопственикот/корисникот на возилото** |
| **Адреса на живеење/Седиште на правно лице** |
| **Општина** |
| **МБ/ЕМБС** |

**5. ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛОТО**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Регистарска ознака на возилото | |
| 2. | Марка | |
| 3. | Тип | |
| 4. | Година на производство | |
| 5. | Број на шасија | |
| 6. | Тип и број на мотор | |
| 7. | Број на првите регистарски таблици | |
| 8. | Сериски број на сообраќајна дозвола | |

6. ДОКАЗИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛОТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | потекло на возилото |
| ☐ | сопственост на возилото |
| ☐ | регулирани царински и даночни обврски за возилото |
| ☐ | потврда за сообразност, или согласност за регистрација, ако се работи за возило за кое треба да има таква потврда или согласност согласно со Закон за возила |
| ☐ | техничка исправност на возилото, освен за возило за кое техничкиот преглед не е задолжителен, согласно Закон за возила |
| ☐ | извршено осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта и за заштита на животната средина и други обврски согласно со закон |
| ☐ | АДР сертификат за извршено испитување на возило ако се работи на возило за превоз на опасни материи во патниот сообраќај |
| ☐ | извршена одјава на возилото од надлежниот орган во кој е извршена претходната регистрација |
| ☐ | статус на возило со историска вредност (олдтајмер) |
| ☐ | важечки извод од лиценца за авто такси превоз на патници |
| ☐ | запис од измерени вредности од емисиите на издувни гасови на возилото |
| ☐ | запис за техничката исправност на системот за сопирање на возилото |
| ☐ | запис за техничката исправност на системот за управување на возилото |
| ☐ | потврда за утврдени минимално-технички и експлоатациони карактеристики за мобилна машина издадена во постапка на идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина |

(*) писмен доказ за извршена проверка во базата на Националното централно биро на Интерпол – Скопје
(овој доказ Министерството за внатрешни работи го прибавува по службена должност и се смета дека е поднесен во прилог на барањето)

7. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на документот означен со ѕвезда (*) од делот 6. на ова барање.

Датум и место на поднесување Потпис на подносителот

____.____._20____, __________________ ______________________________

Податоци за контакт __________________________________________________________

**Потпис на службеното лице кое го примило барањето** ________________________________